**Инфекции - вирусни**



# Вирусни осипи
# (Осипи предизвикани од вируси)

## Вовед

Вирусните инфекции се чести кај бебињата и малите деца. Тие често предизвикуваат помали осипи на кожата. Осипите може да изгледаат различно, да бидат мазни црвени површини, многубројни ситни испакнати брунчиња, пликови, модринки или било каква комбинација од наведените појави.

Различните вирусе може да бидат поврзани со различни осипи, иако понекогаш различни вируси можат да го предизвикаат истиот осип. Често е тешко да се каже кој точно вирус го предизвикал осипот на кожата. Подолу се опишани повеќе различни и чести вирусни инфекции што предизвикуваат осипи на кожата. Тие состојби се заразни и се пренесуваат преку директен допир.

## Бебешка розеола (Roseola Infantum)

Оваа вирусна инфекција е најчестата болест што предизвикува треска кај децата помлади од две години. Најчеста е на возраст меѓу 6 и 9 месеци. Трески со температура од 39-40 целзиусови степени може ненадејно да почнат и да траат 3-5 дена. На детето инаку му е добро, освен што е малку нервозно. Жлездите околу вратот се зголемуваат, а потоа, како што паѓа температурата, осип со розова боја се појавува на вратот и телото. Може да се прошири на рацете, лицето и нозете и исчезнува за 1-2 дена. Нема јадеж. За осипот не е потребно лекување.

## Болест на рацете, стапалата и устата

Оваа вирусна инфекција најчесто се јавува во текот на летото и есента кај малите деца. Тоа не е истата вирусна инфекција што ја предизвикува болеста шап и лигавка кај добитокот. Знаците се обично благи и траат околу седум дена, а во почетокот има блага треска. Во устата се создаваат ситни пликови кои често пукаат и се претвораат во мали чирови. Мали, бисерно сиви, заоблени пликови со тесен црвен раб може да се јават на прстите на рацете и нозете, и околу страните на петиците. Бројот на овие ситни пликови може да биде различен и тие исчезнуваат за 2-3 дена. Не чешаат и не се болни. Не е потребно лекување.

## Заразна еритема (црвенило на образите или "петтата болест")

Мали избивања на оваа вирусна инфекција се случуваат околу пролет, а најчесто се среќава кај деца на возраст од 2 до 10 години. Осипот се јавува на образите, кои стануваат многу топли и црвени (затоа болеста уште се нарекува и "шлаканица по образот"). Се јавува во рок од 24 часа, а треската, ако ја има, обично е многу слаба. Осипот може да се рашири по лицето при што создава форма слична на тантела. Обично исчезнува за 6 до 10 дена. Потоа, ако на детето му стане жешко, или

ако е изложено на сончева светлина, осипот може повторно да се јави на рацете или нозете во текот на следните две недели. За овој осип не е потребно лекување.

## Сипаница

Сипаницата е денес многу поретка благодарејќи на вакцините. Меѓутоа, таа не се сосем отстранета од заедницата. Првите знаци на ова вирусно заболување вклучуваат треска, кашлање, течење на носот и црвени, болни очи, и траат 3-5 дена. Детето обично нема да се чувствува добро, ќе нема енергија и ќе биде раздразливо. На вториот ден, од внатрешната страна на образите се појавуваат синикаво бели дамки со црвен раб. На четвртиот ден на челото и зад ушите се појавува црвен осип кој се шири во текот на 24 часа на остатокот од лицето и телото. Осипот исчезнува по една недела, оставајќи кафеавкасти дамки на лицето, кои може да се лупат. Во повеќето случаи, инфекцијата сосем се смирува без никакви поголеми компликации. Не постои специфичен начин на лекување за осипот, но детето треба да лежи в кревет или да се одмора, да пие многу вода и да избегнува силна светлина. За ублажување на треската може да се дава детски парацетамол.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.